# Дневна хемеротека за *21.04.2015г.*

## МИА- [*Средба на министерот Изаири со евроамбасадорот Орав*]

ВТОРНИК, 21 АПРИЛ 2015, 10:08:38

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Средба на министерот Изаири со евроамбасадорот Орав

### Средба на министерот Изаири со евроамбасадорот Орав

понеделник, 20 април 2015 14:05



**Скопје, 20 април 2015 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска имаше работна средба со амбасадорот на Европската унија во Македонија, Аиво Орав.

На средбата, како што соопшти ресорното Министерство, разговарале за проектите финансирани преку ИПА програмата, изразувајќи задоволство од можностите за реализирање на меѓусебна соработка.

Посебен акцент бил ставен на дијалогот околу проблемот со загадувањето на воздухот и водите. **cc/nar/14:04**

## Сител - [Средба на министерот Изаири со евроамбасадорот Орав]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска имаше работна средба со амбасадорот на Европската унија во Македонија, Аиво Орав. На средбата, како што соопшти ресорното Министерство, разговарале за проектите финансирани ...

## Телма - [Средба на министерот Изаири со евроамбасадорот Орав]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска имаше работна средба со амбасадорот на Европската унија во Македонија, Аиво Орав. На средбата, како што соопшти ресорното Министерство, разговарале за проектите финансирани ...

## Точка - [Министерот за животна средина Изаири се сретна со евроамбасадорот Орав]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири во понеделникот оствари работна средба со амбасадорот на Европската унија во Македонија, Аиво Орав. На средбата двете страни разговараа за проектите финансирани преку ИПА програмата, ...

## Lider - [Средба на министерот Изаири со евроамбасадорот Орав]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска имаше работна средба со амбасадорот на Европската унија во Македонија, Аиво Орав. На средбата, како што соопшти ресорното Министерство, разговарале за проектите финансирани ...

## Макфакс - [Министерот за животна средина Изаири се сретна со евроамбасадорот Орав]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири во понеделникот оствари работна средба со амбасадорот на Европската унија во Македонија, Аиво Орав. На средбата двете страни разговараа за проектите финансирани преку ИПА програмата, ...

## Yllpress - Takim i ministrit Izairi me euroambasadorin Orav

E martë, 21.04.2015

PRESS
...shkruan për të (mos) ndryshuar botën...

Kreu | Politikë | Shoqëri | Ekonomi | Komunat | Analiza | Arsim | Kulturë | Rep

### Ministri Iziari priti ambasadorin e Bashkimit Evropian, Aivo Orav

**Me këtë rast, gjatë bisedës, një theks i veçant iu vu problematikës së ndotjes se ajrit dhe**



Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, zhvilloi një takim pune me ambasadorin e Bashkimit Evropian në Maqedoni Aivo Orav.

Në këtë takim, të dyja palët biseduan për projekte të financuara nga fondi IPA, duke shprehur kënaqësinë nga mundesitë e realizimit të një bashkëpunimi më të afërt reciprok.

Me këtë rast, gjatë bisedës, një theks i veçant iu vu problematikës së ndotjes se ajrit dhe

Zmadho fotografinë



Ministri Iziari priti ambasadorin e Bashkimit Evropian, Aivo Orav

Zmadho fotografinë



Ministri Iziari priti ambasadorin e Bashkimit Evropian, Aivo Orav

## Idividi - *Takim i ministrit Izairi me euroambasadorin Orav*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Nurhan Ibrahimi sot kishte takim pune me ambasadorin e Bashkimit Evropian në Maqedoni, Aivo Orav.

# МИА -Темелковски на состанок за климатски промени во Белград

ВТОРНИК, 21 АПРИЛ 2015, 10:22:19

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВИ

Насловна | Екологија | Темелковски на состанок за климатски промени во Белград

## Темелковски на состанок за климатски промени во Белград

понеделник, 20 април 2015 15:57



**Скопје, 20 април 2015 (МИА)** - Размена на искуства за справување со климатските промени беше целта на седмиот состанок на Одборот за заштита на животната средина на Србија на тема „Климатските промени како реалност во Србија и ЕУ – предизвици, одговори, можности" што денеска се одржа во Белград, а на кој присуствуваше заменик министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски.

Темелковски, како што соопшти Министерството за животна средина, нагласил дека Македонија, но и целиот регион се исклучително ранливи на климатските промени. - Од таа причина активностите за подготовка и адаптација кон нив се од суштинска важност, а бараат широк консензус, силна меѓусекторска и меѓуинституционална соработка, иновативни еколошки пристапи и технологии, но и поширока регионална и меѓународна акција, посочил Темелковски.

Во рамките на своето излагање, тој се осврнал на реализираните, тековните и идните активности во областа на климатските промени во Република Македонија.

- Државата преку МЖСПП, повеќе од десет години дејствува на ниво на изработка на неопходната законска, стратешка и планска рамка, но и во правец на развивање на соработка на билатерално, регионално и меѓународно ниво во заедничките напори за борба со климатските промени, истакна Темелковски.

Република Македонија, според него, има доставено Прв и Втор Национален план за климатски промени, а со доставувањето на Третиот национален план во 2014 година стана прва држава во Западен Балкан од нон–анекс 1 државите, која го има изработено овој документ, а втора во Европа што има направено Стратешка оцена на планот.

Во јануари годинава усвоен е првиот ажуриран извештај за климатски промени со што сме првата држава во регионот и 11-та во светот која ја реализира оваа обврска. Македонија, додаде Темелковски, активно учествува и во работата на регионалната мрежа за животна средина и клима, формирана во рамките на повеќекорисничка ИПА.

На локално ниво развиени се осум општински стратегии за климатски промени, а годинава и Градот Скопје планира да подготви таква стратегија.

- Се очекува државата да определи т.н. придонеси до Самитот во Париз за намалувањата на емисиите на стакленичките гасови. Прелиминарни анализи се направени во рамките на третиот Национален план за климатски промени, а во согласност со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, планирана е изработка на политички документ, истакнал Темелковски.

Според него, планирано е постепено изградување на капацитетите за идно вклучување во трговијата со емисии и механизмот за мониторирање, рапортирање и верификување на емисиите на стакленичките гасови. Детектирана е потреба од засилување на приватните и јавни финансиски текови за преземање мерки за намалување на емисиите и адаптирање кон климатските промени, како и за трансфер на технологија и јакнење на капацитетите. **сс/15:56**

## Idividi - [Temellkovski në takim për ndryshimet klimaterike në Beograd]

Shqip / Maqedoni

# Temellkovski në takim për ndryshimet klimaterike në Beograd

Shkup, 20 prill 2015 (MIA) - Këmbimi i përvojave në ballafaqimin me ndryshimet klimaterike ishte qëllimi i takimit të shtatë të Këshillit për mbrojtjen e mjedisit jetësor të Serbisë me temë "Ndryshimet klimaterike si realitet në Serbi dhe BE - sfida, përgjigje, mundësi" që sot u mbajt në Beograd, ndërsa në të cilin mori pjesë zëvendësministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Stevo Temellkovski.

Temellkovski, siç kumtoi Ministria e Mjedisit Jetësor, ka theksuar se Maqedonia, por edhe i tërë rajoni janë mjaft të prekura për ndryshimet klimaterike. "Për këtë shkak aktivitetet për përgatitjen e adaptimit ndaj tyre janë të rëndësisë esenciale, ndërsa kërkojnë konsensus të gjerë, bashkëpunim të gjerë midis sektorëve dhe midis institucioneve, qasje ekologjike inovative dhe teknologji por edhe aksion më të gjerë rajonal dhe ndërkombëtar", ka theksuar Temellkovski.

Në kuadër të fjalimit të tij, ai është përqendruar në aktivitetet vijuese dhe të ardhshme në fushën e ndryshimeve klimaterike në Republikën e Maqedonisë.

"Shteti përmes MPPS, mbi dhjetë vjet vepron në nivel të përpunimit të kornizës së domosdoshme ligjore, strategjike dhe planore por edhe në drejtim të zhvillimit të bashkëpunimit në nivelin bilateral, rajonal dhe ndërkombëtar në angazhimet e përbashkëta për luftë me ndryshimet klimaterike", theksoi Temelkovski.

Republika e Maqedonisë, sipas tij, e ka dorëzuar Planin nacional të parë dhe të Dytë për ndryshimet klimaterike, ndërsa me dorëzimin e Planit të tretë Nacional në vitin 2014 u bë shteti i parë në Ballkanin Perëndimor nga non-aneks 1 shtetet, e cila e ka përpunuar këtë dokument, ndërsa i dyti në Evropë që ka bërë vlerësim Strategjik për planin.

Në janar të këtij viti është miratuar raporti i parë i azhurnuar për ndryshime klimaterike me ç'rast konsiderohet shteti i parë në rajon dhe i 11-të në botë i cili e ka realizuar këtë obligim. Maqedonia, shtoi Temellkovski, në mënyrë aktive merr pjesë edhe në punën e rrjetit rajonal për mjedis jetësor dhe klimë, të formuar në kuadër të IPA.

Në nivelin lokal janë zhvilluar tetë strategji komunale për ndryshimet klimaterike, ndërsa sivjet edhe Qyteti i Shkupit planifikon të përgatisë një strategji të tillë.

Sipas tij, planifikohet ndërtimi gradual i kapaciteteve për involvimin e ardhshëm në tregti me emetime dhe mekanizmin për monitorimin, raportimin dhe verifikimin e emisioneve të gazrave të qelqta. Është detektuar nevoja e përforcimit të rrjedhave financiare private dhe publike për ndërmarrjen e masave për zvogëlimin e emetimeve dhe adaptimin e ndryshimeve klimaterike, si dhe për transferimin e teknologjisë dhe përforcimin e kapaciteteve.

---

## Сител - *Темелковски на состанок за климатски промени во Белград*

Размена на искуства за справување со климатските промени беше целта на седмиот состанок на Одборот за заштита на животната средина на Србија на тема „Климатските промени како реалност во Србија и ЕУ – предизвици, одговори, можности“ што денеска се ...

## Канал5 - *Темелковски на состанок за климатски промени во Белград*

Размена на искуства за справување со климатските промени беше целта на седмиот состанок на Одборот за заштита на животната средина на Србија на тема „Климатските промени како реалност во Србија и ЕУ – предизвици, одговори, можности“ што денеска се ...

## Lider -*Темелковски на состанок за климатски промени во Белград*

Размена на искуства за справување со климатските промени беше целта на седмиот состанок на Одборот за заштита на животната средина на Србија на тема „Климатските промени како реалност во Србија и ЕУ – предизвици, одговори, можности“

# Вечер - *Зелена градба за заштеда на енергија и почиста животна средина*

ДЕБАТА

## Зелена градба за заштеда на енергија и почиста животна средина

**„Енергетска ефикасност во градежништвото - Зелена градба" е темата на денешната дебата за која ќе дискутираат претставници од Сојуз на стопански комори на Македонија (ССК) и Бизнис-центарот на Скопски плански регион.**



Целта на настанот е компаниите членови на ССК, пред се од градежниот сектор, во соработка со општините од Скопски плански регион и надлежните институции заедно да придонесат во промоција и поголема примена на енергетска ефикасност - зелената градба во градежништвото.

Создавањето на здрави, одржливи простори во урбани средини претставува во исто време економски здрава инвестиција, општествено одговорно управување и е во склад со принципите на одржлив развој на општините. Зелената градба е одржлива, екопошка, заштедува енергија и ја заштитува животната средина.

На настанот ќе се обратат Данела Арсовска, претседател на Сојуз на стопански комори на Македонија, Сокол Митревски, претседател на Совет на развој на Скопски плански регион, Сеад Кочан, претседател на Македонскиот совет за зелена градба, Заменик-министер за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски.

## Република - Младинска конференција на „Гоу грин“ и на фондацијата „Конрад Аденауер“

### Младинска конференција на „Гоу Грин" и фондацијата „Конрад Аденауер"

КУЛТУРА | 21.04.2015 10:22

Tweet




Младинската еколошка организација Гоу Грин (Go Green) во соработка со фондацијата Konrad-Adenauer-Shtiftung организираат младинска конференција на тема "Можности за млади луѓе во време на климатска промена и енергетска транзиција".

Целта на конференцијата е да ја промовираат истоимената публикација и да ги информираат младите за енергетската транзиција во земјите од регионот и можностите за вработување и студирање на младите во овој сектор.

Конференцијата ќе се одржи на 22 април со почеток во 11:30 часот во просториите на Универзитетот за Туризам и Менаџмент во Скопје каде можат да присуствуваат сите студенти и средношколци на возраст од 15 - 22 години кои се заинтересирани да дознаат повеќе за вработувањето во областа на чиста енергијаи кои сакаат да ги посетат работилниците на конференцијата и да се стекнат со вештини и знаења.

На конференцијата свое обраќање ќе имаат Амбасадорката на Република Франција, Лоренс Ауер, Даниела Поповска од Конрад Аденауер Штифтунг, Теодора Грнчароска - Обрадовиќ од Министерството за животна средина и просторно планирање, Јулијана Даскалов од Гоу Грин и Сашо Граматиков од Универзитетот за Туризам и Менаџмент Скопје.

## Cooltura - Младинска конференција на Гоу Грин

Младинската еколошка организација Гоу Грин (Go Green) во соработка со фондацијата Konrad–Adenauer–Shtiftung организираат младинска конференција на тема “Можности за млади луѓе во време на климатска промена и енергетска транзиција“..

# Радио МОФ - *Ден на планетата Земја – „Наш ред е да водиме“*




## ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА – „НАШ РЕД Е ДА ВОДИМЕ“

0

Милиеуконтакт Македонија, во рамките на проектот на УСАИД за Општински стратегии за климатски промени организира настан по повод Денот на планетата Земја – 22 април.

Настанот ќе се одржи во среда (22 април) со почеток од 12 часот во Паркот на франкофонијата – Скопје. Мотото на овогодинешниот Ден на планетата Земја е – Наш ред е да водиме! Фокусот на Денот на планетата Земја се посебните еколошки предизвици на денешницата.

Учесници на настанот ќе бидат: Сојузот на извидници на Македонија, финалистите од натпреварот „Климатски предизвик – Од Нас Зависи“, ОУ Браќа Миладиновци – Аеродром и ОУ Гоце Делчев – Општина Центар. На настанот ќе биде поставена и изложба на фотографии на тема – „Јас и климатските промени“, ќе бидат прикажани материјали од концепт-идеите на финалистите од натпреварот „Климатски предизвик – Од Нас Зависи“, а ќе има и симболични еко-подароци за посетителите.

Првиот организиран Ден на планетата Земја – 22 април 1970 го претставува воедно и почетокот на модерното еколошко движење. 20 милиони Американци излегле низ улиците низ целата земја со барање да се спречи уништувањето на животната средина. Настанот од тој ден ќе резултира со формирање на Американската Агенција за заштита на животната средина, како и усвојувањето на Актите за чист воздух, чиста вода и загрозени видови.

Оттогаш, Денот на планетата Земја и глобалното еколошко движење забрзано растат и се шират. Денес, повеќе од милијарда луѓе во 192 земји учествуваат во активностите кои се дел од глобалниот настан посветен на планетата Земја. Тие активности се најмасовното граѓанско движење во светски рамки.

„Оваа јубилејна 45 година по ред на одржување на Денот на планетата Земја треба да биде година кога економскиот развој и одржливоста ќе си пружат раце. Мора да се признае дека ова е сложена проблематика, но иднината на нашата планета е ставена под ризик и опстојувањето на целиот живот на неа. На овој ден, да застанеме сите заедно и да покажеме кон новиот пат по кој светот треба да чекори. Младите лидери имаат свој оформен став за иднината на нашата планета која треба да ја оставиме во добра форма на идните генерации", соопштуваат организаторите.

## Karas4training - *Ден на планетата земја 2015*

Наш ред е да водиме! Првиот организиран Ден на планетата Земја, 22 април, 1970. го претставува воедно и почетокот на модерното еколошко движење. 20 милиони Американци излегле низ улиците низ целата земја со деманд да се спречи уништувањето на .